СООПШТЕНИЕ

# Макстил доби награда за најеколошка компанија во Општина Гази Баба

(Скопје, 05.06.2023) - Макстил доби награда од Општина Гази Баба како најеколошка компанија односно компанија со успешна примена на еколошки стандарди и со особен придонес кон зачувувањето на животната средина.

Доделувањето на наградата следи по општинскиот конкурс „Денови на пролетта – Денови на екологија“ каде во пет различни категории, аплицираа стопански субјекти, институции, организации и граѓани од општината, кои на каков било начин се грижат и со свои активности придонесуваат за почиста и еколошки безбедна општина.

За истакнување е дека Макстил е првата компанија во нашата држава која доби Декларација за еколошки производ за топло валан дебел лим - ДЕП (Environmental Product Declaration - EPD), а самиот процес на верификацијата беше извршен од страна на холандска сертификациска куќа согласно ISO 15804. Во текот на изминатите години Макстил направи обемни инвестиции при што покрај воведувањето на системот за менаџмент со животната средина ИСО 14001, доби и А-Интегрирана еколошка дозвола. Компанијата воведе промени во работењето со цел поголема и поефективна заштита на животната средина. Пред сѐ, врши редовно следење на емисиите на цврсти честички од двата оџаци, кои во континуитет се пониски од дозволените гранични вредности. Исто така, со примена на концептот на циркуларната економија, троската која се добива како нуспродукт при процесот на топење на старото железо во погонот Челичарница, добива примена и веќе се користи како суровина во градежната индустрија, а со тоа Макстил ја постигнува зададената цел за нула отпад.

Покрај измените во своето работење, Макстил заедно со своите вработени е еден од редовните учесници на сите акции за раззеленување на општината и иницијатор и поддржуваш на бројни еколошки активности.

Компанијата спроведе и проект на тема „Инвестираме во нашата планета“, со кој беа опфатени сите единаесет основни училишта на територијата на општината, а учениците од четврто одделение беа едуцирани за рециклирање на создадениот отпад.

Наградата денес беше доделена од страна на градоначалникот на Општина Гази Баба, Бобан Стефковски на свеченост во Културниот дом „Димитар Влахов“.